Владата ја донесе Одлуката за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2023/2721 од 4 декември 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 во врска со рестриктивните мерки против сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/ 2722 на Советот од 4 декември 2023 година за спроведување на Регулативата (ЗНБП) 2020/1998 за рестриктивни мерки против сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права.

## Точка 38

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2023/1500 од 20 јули 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 во однос на рестриктивните мерки против сериозно прекршување и повреда на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1495 на Советот од 20 јули 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 за рестриктивни мерки против сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права.

## Точка 39

Владата ја донесе Одлуката за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/628 на Советот од 19 февруари 2024 година за изменување на Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на посебни мерки за борба против тероризмот и Регулативата (ЕУ) 2024/669 на Советот од 19 февруари 2024 година за изменување на Регулативата (ЕЗ) бр.2580/2001 за посебни рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти за борба против тероризмот.

## Точка 40

Владата ја донесе Одлуката за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/2764 на Советот од 7 декември 2023 година за изменување на списокот на лица, групи и субјекти од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на посебни мерки за борба против тероризмот и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/2765 на Советот од 7 декември 2023 година за спроведување на член 2 (3) од Регулативата (ЕЗ) бр. 2580/2001 за посебни рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти со цел борба против тероризмот.

## Точка 41

Владата ја донесе Одлуката за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/332 на Советот од 16 јануари 2024 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на посебни мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2023/1514 и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/329 на Советот од 16 јануари 2024 година за спроведување на член 2 (3) од Регулативата (ЕЗ) бр.2580/2001 за посебни рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти за борба против тероризмот и укинување на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1505.

## Точка 42

Владата го одложи од разгледување Предлог-решението за назначување на ко-претседател, ко-секретар и членови на Мешовитата македонско – баварска меѓувладина комисија, за наредната седница на Владата.

## Точка 43

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО активноста „Forward Land Forces - FLF“, во Република Романија.

## Точка 44

Владата ја донесе Одлуката за реализација на вежбовна активност „СЕЕСИМ-2025“ во Република Северна Македонија.

## Точка 45

Владата го разгледа Барањето на Махди Задмард Мозхдехи, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за спорт.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јануари-март 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за економија и труд, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за култура и туризам, Министерството за транспорт и Министерството за животна средина и просторно планирање, а се укажува на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Агенцијата за администрација, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие за државни патишта и АД за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија, во државна сопственост, во рок од 5 (пет) дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот јануари, февруари и март 2025 година, по кои сè уште не постапиле и за тоа во рок од 5 (пет) дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да доставуваат суштински одговори до Народниот правобранител, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

## Точка 47

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на договор меѓу Република Северна Македонија и Државата Израел за социјално осигурување, со Нацрт-текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Договорот меѓу Република Северна Македонија и Државата Израел за социјално осигурување, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за

поведување на постапка за водење на преговори за случување на Договорот меѓу Република Северна Македонија и Државата Израел за социјално осигурување.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот меѓу Република Северна Македонија и Државата Израел за социјално осигурување, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена, до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Договорот меѓу Република Северна Македонија и Државата Израел за социјално осигурување.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение– Скопје.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за повторно воведување на методата кератопластика во Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести, ја усвои и ја задолжи Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести на квартално ниво да ја информира Владата за прогресот на активностите за повторно воведување на методата кератопластика.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на ревидираниот Национален оперативен бродбенд план (НОБП), со текст на ревидиран Национален оперативен бродбенд план, ја усвои и го прифати ревидираниот Национален оперативен бродбенд план.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за организација и домаќинство на Дигитален самит на Западен Балкан 2025 – Western Balkans Digital Summit (WBDS 2025) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за европски прашања и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 5 (пет) дена, до Министерството за дигитална трансформација да доставаат номинација на лице и негова соодветна замена за

учество во работната група за организација на Дигиталниот самит на Западен Балкан 2025 – Western Balkans Digital Summit (WBDS 2025).

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди потребна логистичка поддршка за настанот, вклучително и опрема (столчиња за седење, црвена патека и техничка опрема), транспорт за опремата и обезбедување оброк за службите за обезбедување и техничкиот персонал кој ќе го опслужува Дигиталниот самит на Западен Балкан 2025 – Western Balkans Digital Summit (WBDS 2025), во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - Одделение за протокол.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да обезбеди дипломатска координација и комуникација со странските делегации, како и поддршка за логистиката поврзана со нивното пристигнување и престој.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите потребни активности согласно своите надлежности, за целосно обезбедување на Дигиталниот самит на Западен Балкан 2025 – Western Balkans Digital Summit (WBDS 2025), на сите локации каде што ќе се одржуваат сесиите и придружните активности, почнувајќи од 30 септември до 2 октомври 2025 година.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди техничка и протоколарна поддршка за Дигиталниот самит на Западен Балкан 2025 – Western Balkans Digital Summit (WBDS 2025), вклучително и преведувачи, за официјалните настани во рамки на Самитот.

6. Се укажува на Националната установа – Музеј на современа уметност да ги стави на располагање, без надомест, објектот, дворот и техничките капацитети за одржување на програмските активности на Дигиталниот самит на Западен Балкан 2025 – Western Balkans Digital Summit (WBDS 2025) на 1 и 2 октомври 2025 година, како и да обезбеди логистичка и техничка поддршка за реализација на настанот, во согласност со безбедносните и протоколарните барања.

7. Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија - Скопје да обезбеди директен пренос (емитување во живо) на првиот дел од програмската содржина на вториот ден (2 октомври 2025 година) од Дигиталниот самит на Западен Балкан 2025, со цел пошироката јавност да биде информирана за текот и значењето на настанот.

<u>Точка 52</u>

Владата ја одложи од разгледување Предлог-резолуцијата за хуманитарната ситуација во Појасот Газа, поднесена од група пратеници, поради потребата Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да достави заедничко/обединето мислење подготвено во соработка со Министерството за правда и Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## Точка 53

Владата ја разгледа Иницијативата од Николче Мушаревски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.77/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 84 став 3 алинеја 4 од Законот за вработени во Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/24) и притоа го утврди следното мислење:

Според наводите на подносителот на Иницијативата, доколку се анализира член 84 став (2) алинејата 3 од Законот за вработените во Министерството за одбрана, ќе се утврди дека „одбивање на стручно оспособување и усовршување на кое вработениот се упатува“, претставува дисциплинска неуредност и истовремено дисциплински престап, според член 84 став (3) алинеја 4 од Законот за вработените во Министерството за одбрана.

Заради ова, подносителот на Иницијативата цени дека според словото на Законот, вработен во Министерството за одбрана, поради одредбата која се однесува на „одбивање на стручно оспособување и усовршување на кое се упатува“, ќе биде два пати казнет, односно истовремено ќе му се изрече дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност и дисциплинска мерка за дисциплински престап.

Наведува дека ваквата формулација е спротивна на член 8 став (1), член 9 став (2), член 51 и член 110 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, на член 4 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа, како и на меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот, кои се составен дел на нашиот правен систем.

Во овој контекст, подносителот ги цитира член 26 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Протоколот бр. 12 кон Конвенцијата за заштита на човековите парава и основни слободи и член 7 од Универзалната декларација за човековите права, кои се однесуваат на еднаквоста на сите лица пред Законот, правото на подеднаква правна заштита, без никаква дискриминација.

Истакнува дека ваквата формулација претставува дискриминација за вработените во Министерството за одбрана, односно нееднаквост пред Уставот и закон со другите вработени во Републиката и истата како таква може да биде извор на забуна при нејзината примена, затоа што правниот поредок на државата треба да содржи норми кои не создаваат забуни при нивната примена.

Смета дека одбивањето на стручното оспособување и усовршување на кое вработениот се упатува, несомнено е дисциплинска неуредност, а не диципллински престап, а уште помалку истовремено и дисциплинска неуредност и дисциплински престап.

Бара Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на член 84 став (3) алинеја 4 од Законот за вработените во Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/24) и да донесе одлука за укинување на истата.

Според член 84 став (2) алинеја 3, која гласи: „-одбивање на стручно оспособување и усовршување на кое вработениот се упатува", претставува дисциплинска неуредност, што е полесна повреда на работната дисциплина, работните задачи и угледот на институцијата.

Според член 84 став (3) алинеја 4 која гласи: „-одбивање на стручно оспособување и усовршување на кое вработениот се упатува", претставува дисциплински престап, што е потешка повреда на службената должност, работната дисциплина, угледот на институцијата или угледот на вработен во Министерството.

При изработката на предметното законско решение кое се однесува на дисциплинската одговорност, за одбивање на стручното оспособување и усовршување на кое вработениот се упатува, беа земени предвид постојните искуства, законската регулатива која го регулира ова прашање за персоналот на служба во Армијата, односно Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, како и резултатите од примената на истите и се утврди дека поради честите прекршувања, ова решение немало воспитно влијание врз вработените, ниту имало намалување на вакви прекршувања, кои во Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија се квалификувани како дисциплинска неуредност.

Дополнително, се известува дека пред целосно усвојување на Законот за вработените во Министерството за одбрана, истиот беше даден на мислење и усогласување до сите надлежни институции, беше спроведена јавна расправа, по што беа имплементирани сите забелешки, предлози и сугестии, во насока на подобрување на неговата содржина.

Исто така, се упатува дека Министерството за одбрана е надлежно и должно да обебедува постојано стручно оспособување и усовршување на вработените во Министерството и Армијата, како клучен услов за ефикасно и безбедно функционирање на системот на одбраната и за исполнување на обврските кон партнерските држави и меѓународни организации, кои ја организираат и изведуваат активноста.

Во оваа насока и самото предложено законско решение упатува на карактерот и видот на дисциплинската одговорност, односно дали одбивањето на стручното оспособување и усовршување на кое вработениот се упатува, ќе се квалификува како дисциплинска неуредност или како дисциплински престап, што не се утврдува автоматски, туку се оценува врз основа на конкретни околности за секој поединечен случај.

Конкретно при определување на видот на дисциплинската одговорност во овој случај, Министерството за одбрана како надлежен орган, ги има предвид следните критериуми:

- Обемот на финасиските импликации кои можат на произлезат за Министерството, од непојавување на планираните активности;
- Фактот дали одбивањето се повторува повеќе пати од страна на истото лице, што покажува континуитет во непочитување на службените обврски;
- Сериозноста на последиците за Министерството за одбрана, вклучително и можноста за загрозување на реализацијата на стратешките цели, програми и меѓународни обврски;

- Степенот на нарушување на угледот на Министерството во целина, а особено во однос на партнерските институции и организации, во чии рамки се спроведува активноста и
- Влијанието врз добрата соработка со домашните и меѓународните партнери, со кои Министерството за одбрана соработува во делот на одбранбениот развој, едукацијата и обуката.

Оттука, членот 84 став (3) алинеја 4 во Законот за вработените во Министерството за одбрана, треба да се толкува дека само во случаи кога се исполнети горенаведените услови, одбивањето на стручното оспособување и усовршување на кое вработениот се упатува предизвикува сериозни последици, потешка повреда на угледот на Министерството, се квалификува како дисциплински престап, соодветно на предвидената тежина.

Во останатите случаи, кога одбивањето не предизвикува сериозни последици или е изолиран случај, истото се квалификува како дисциплинска неуредност, за која се изрекуваат поблаги мерки согласно истоимениот закон.

Со ова разграничување, Министерството за одбрана обезбедува:

- Почитување на начелото на пропорционалност,
- Правна сигурност на вработените и
- Уредно спроведување на обврските од Законот за вработените во Министерството за одбрана.

Следствено на изнесеното, се истакнува дека при изработката, односно нормирањето на одредбите во законите, другите прописи и општи акти кои ги донесува/предлага како овластен предлагач согласно закон, секогаш внимава во истите да бидат содржани јасни и прецизни одредби, кои се применливи и кои им овозможуваат на вработените и на граѓаните да бидат еднакви пред законот, да имаат право на еднаква правна заштита, без никаква дискриминација.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека наводите на подносителот во Иницијативата се неосновани, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 84 став (3) алинеја 4 од Законот за вработените во Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/24).

## Точка 54

Владата ја разгледа Иницијативата од Илко Петров од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.82/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 145 став (1) од Законот за извршување во делот „и тоа од денот кога до тој работодавец е доставен налогот за извршување“ („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/20 и 154/23) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата подносителот ја оспорува уставноста на одредбата од членот 145 став (1) од Законот за извршување, со која се уредува правното дејство на налогот за извршување врз плата на должникот и во случај кога на должникот му престанал работниот однос, но подоцна засновал работен однос кај друг работодавец. Според подносителот на Иницијативата кога извршувањето се спроведува со задршка од платата на должникот, од страна на работодавецот, доверителот може да го изгуби редоследот на намирување во случај кога на должникот му престанал работниот однос, но подоцна засновал работен однос кај друг работодавец, поради што оспорената одредба била спротивна на член 8 од Уставот на Република Северна Македонија, односно не се гарантирала правната сигурност. Наведено е дека во секој момент доверителот може да го изгуби редоследот на намирување и никогаш да не го наплати долгот. Подносителот предлага во оспорената одредба да се избришат зборовите „и тоа од денот кога до тој работодавец е доставен налогот за извршување" и да се додадат зборовите „кој воспоставува ист редослед на намирување на долгот како и кај претходниот работодавец".

Владата на Република Северна Македонија имајќи ги предвид наводите во Иницијативата укажува на одредбите од Законот за извршување:

Според член 145 став (1) од Законот за извршување кога на должникот му престанал работниот однос, налогот за извршување има дејство и спрема работодавецот кај кого должникот потоа засновал работен однос и тоа од денот кога до тој работодавец е доставен налогот за извршување.

Според став (2) од истиот член, работодавецот кај кого должникот не е повеќе во работен однос е должен без одлагање со препорачана пратка да го достави налогот за извршување до работодавецот кај кого должникот засновал работен однос и за тоа да го извести извршителот.

Според став (3) од истиот член, работодавецот кај кого должникот повеќе не е во работен однос, без одлагање го известува извршителот и кога не му е познато кај кој работодавец должникот засновал работен однос.

Од горенаведеното, со оспорената одредба е пропишано, дека во случај на престанок на работниот однос на должникот, извршителот налогот за извршување го проследува до новиот работодавец. Вака пропишаната одредба има за цел да обезбеди непречено извршување без разлика на промената на работното место на должникот, при што доверителот не е изложен на ризик да го изгуби редот на намирување ако должникот се вработи кај друг работодавец. Оваа одредба обезбедува континуитет на извршувањето за наплата на парични побарувања, заштита на доверителот и минимизирање на трошоците за извршување. Вака воспоставениот систем на извршување има за цел ефикасност, правна сигурност и заштита на интересите на доверителите, притоа не нарушувајќи ги правата на должниците, со што одредбата од член 145 од Законот за извршување, во делот „и тоа од денот кога до тој работодавец е доставен налогот за извршување", ја исполнува улогата да го заштити доверителот и да обезбеди непречено извршување на налогот за извршување , дури и кога должникот го менува работното место, со што се обезбедува правна сигурност.

Воедно, според Законот за извршување извршувањето може да се спроведува и со други средства за извршување уредени со член 24 од Законот за извршување, според кој извршување заради остварување на парично побарување може да се изврши само со продажба на подвижни предмети, продажба на недвижности, продажба на хартии од вредност и удели во трговски друштва, пренос на парично побарување, претворање во пари на други имотни права и пренос на средства што се водат на сметката кај носител на платен промет согласно прописите за платен промет. Оттука, извршителот заради намирување на побарувањето на доверителот може да избере друго средство за извршување, заради целосно реализирање на извршната исправа, со што целосно се заштитени правата на доверителот, доколку извршувањето не може да се спроведе со едно средство за извршување.

Имајќи го предвид претходно наведеното, член 145 став (1) од Законот за извршување во делот „и тоа од денот кога до тој работодавец е доставен налогот за извршување" („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/20 и 154/23) е во согласност со член 8 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата од Илко Петров од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.82/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 145 став (1) од Законот за извршување во делот „и тоа од денот кога до тој работодавец е доставен налогот за извршување" („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/20 и 154/23), односно да ја отфрли како неоснована.

## Точка 55

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.81/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 4 и член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.114/25) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 1 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 29/02, 29/03, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 40/09, 48/09, 81/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 103/21 и 86/25), во член 50 ставот 4 се менува и гласи: „Мандатот на претседателот и членовите на Советот на експерти на Агенцијата изнесува пет години и ниту еден член не може да биде на таа функција повеќе од два последователни мандати.".

Согласно, член 4 од Законот, со денот на неговото влегување во сила, престанува мандатот на членовите на Советот на експерти на Агенцијата кои го исполнуваат условот од член 1 од Законот.

Членот 6 од Законот, го уредува неговото влегување во сила, кое е со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Овие одредби подносителот на Иницијативата ги оспорува по две основи. Првиот основ е дека со пропишувањето на оспорените одредби се создава правна несигурност во правниот промет, што не е во согласност со начелото на владеење на правото. Вториот основ е ретроактивната примена на одредбата, што Уставот на Република Северна Македонија ја забранува, освен ако има позитивни импликации за граѓаните.
Ваквите наводи на подносителот се неосновани поради повеќе причини:

Во однос на уставноста на член 4 од Законот, кој предвидува престанок на мандатот на членови на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата), кои имаат повеќе од два последователни мандати, во моментот на влегување во сила на Законот постои уставна дозволивост за ограничување на мандати.

Ограничувањето на бројот на последователни мандати е општо прифатен демократски инструмент во системи кои тежнеат кон ограничување на моќта, превенција од корупција и овозможување политичка ротација. Тоа не претставува дискриминација, туку легитимна политичко-правна мерка за заштита на демократските процеси. Прекинувањето на мандатот за лица кои имаат повеќе од два мандати не е казна, туку последица од нова легислатива која го враќа балансот на институционалната моќ.

Според член 8 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, темелни вредности на уставниот поредок се, меѓу другото:

- владеењето на правото,
- поделбата на власта,
-политичкиот плурализам и слободните избори,
-граѓанската контрола над власта.

Воведувањето на законско ограничување на бројот на последователни мандати е во директна служба на овие уставни вредности. Долготрајното задржување на функција во повеќе последователни изборни циклуси создава ризик од институционално заробување, клиентелизам и разградување на демократскиот систем.

Во демократско општество со отворени и транспарентни институции, продолженото останување на исто лице на јавна функција преку повеќе мандати создава опасност од концентрација на власт и создавање лична политичка моќ.

Функционер со четири последователни мандати, како што е случај во Агенцијата, е показател за нарушување на демократската ротација, еднаквоста на шанси и јавниот интерес. Затоа, законодавецот оценил дека е оправдано и неопходно да се спречи натамошно продолжување на таа состојба преку прекин на актуелниот мандат.

Подносителот се повикува на тоа дека член 4 од Законот, со кој се дополнува член 51 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 29/02, 29/03, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/2008, 40/09, 48/09, 81/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 103/21 и 86/25), дозволува разрешување само под одредени услови, но пропушта да направи разлика помеѓу „разрешување" и „престанок на мандат по сила на закон". Разрешувањето е индивидуален, често дисциплински чин, додека престанокот по сила на закон е општ и автоматски ефект по објективни критериуми утврдени со нова норма – во овој случај, број на последователни мандати.

Согласно, начелото на владеење на правото од член 8 од Уставот на Република Северна Македонија, почитувањето на владеењето на правото вклучува заштита на поединецот, но и заштита од долготрајна институционална моќ.

Правната сигурност подразбира доверба во систем кој овозможува демократска ротација, транспарентност и отчетност. Ограничувањето на долготрајни функционери не го нарушува владеењето на правото, туку го поддржува преку реформа од јавен интерес. Уставниот суд на Република Северна Македонија веќе прифатил слични мерки.

Во својата пракса, Уставниот суд на Република Северна Македонија јасно утврдил дека нема право на трајност на јавна функција и дека јавниот интерес може да наложи преструктурирање или прекин на мандатот доколку:

- тоа се прави со закон,
- се применува на еднаков основ,
- се остварува легитимна цел.

Притоа, треба да се има предвид начелото на еднаквост и недискриминација од член 23 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој секој граѓанин има право да учествува во јавни функции.

Функционерот кој го губи мандатот не го губи правото на политичко дејствување, туку само не може повторно да биде функционер во иста институција после повеќе мандати. Ограничувањето е општо, објективно, не дискриминира и не го укинува правото на политичко дејствување.

Во контекст на уставноправна анализа на преодна одредба со која се предвидува престанок на функција на лице што во моментот на влегување во сила на Законот врши јавна функција и бил на функција повеќе од два мандати, ваквата одредба е уставно оправдана, легитимна и пропорционална мерка за заштита на темелните вредности на уставниот поредок.

Уставот на Република Северна Македонија не гарантира трајност на мандатот, ниту апсолутно право за продолжување, ниту забрана за прекин доколку постои уставна или законска основа. Согласно член 91 од Уставот на Република Северна Македонија, Владата на

Република Северна Македонија има право и обврска да предлага законски реформи за обезбедување демократски и ефикасен систем на владеење.

Иако, Законот има повратно дејство по однос на постоечкиот мандат, дејството е во корист на општествениот интерес, насочено кон заштита на принципите на демократска легитимност и против создавање „вечни функционери“.

Член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија јасно посочува: „Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен ако тоа е во интерес на граѓаните.“ Во конкретниот случај, ова е токму тоа – интерес на граѓаните да не живеат во систем каде исто лице континуирано ја држи функцијата преку политички механизми.

Во конкретниот случај, одредбата која овозможува престанок на мандатот за функционери со повеќе од два мандати:

- има општ карактер и се однесува на сите во иста правна положба,
- е во јавен интерес – спречува концентрација на моќ,
- обезбедува обновување на институциите и спречува повторувачки избор на истите личности,
- не предизвикува лична или политичка дисквалификација, туку воспоставува системска рамнотежа.

Преодната одредба се применува еднакво за сите функционери кои ги исполнуваат критериумите, без разлика на партиска, етничка или друга припадност, што ја прави мерката објективна, предвидлива и општо применлива без политичка селективност.

Функцијата е временска и јавна и лицето не стекнува право на траен мандат. Прекинот по основ на нов закон е во согласност со јавниот интерес и претставува корекција, а не санкција.

Од наведеното следува дека оспоруваните одредби кои предвидуваат престанок на мандатот на функционери со повеќе од два последователни мандати:

- се уставно оправдани, односно не се противуставни,
- се во согласност со темелните вредности од член 8 од Уставот на Република Северна Македонија,
- имаат дозволена ретроактивност, според член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горе наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорените одредби од член 4 и член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник за Република Северна Македонија“ бр. 114/25), се во согласност со одредбите на Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Инцијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 и член 6 од Законот за изменување и дополнување на

Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник за Република Северна Македонија“ бр. 114/25).

**Точка 56**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Стопанска комора на Северозападна Македонија, Скопје застапувана од адвокат Флора Илковска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.83/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 4, 4-а, 4-б, 5, 5-а, 6, 6-а, 7, 8, 8-а и 9 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23 и 59/25) и притоа го утврди следното мислење:

Во Иницијативата генерално се оспорува државната помош „за домашните и странските правни и физички лица“ регистрирани за вршење дејност во технолошко индустриските развојни зони како нивни корисници, пропишана во членовите 4-а, 4-б, 5, 5-а, 6, 6-а, 7 и 8, од Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Во Иницијативата се наведува дека со Законот за технолошки индустриски развојни зони е нарушена еднаквата правна положба на домашните и странските правни и физичка лица регистрирани за вршење на дејност на територијата на Република Северна Македонија, надвор од технолошко - индустриските развојни зони.

Впрочем и во членот 4 став 1 точка (4) од Законот за технолошки индустриски развојни зони стои - „Државна помош е секоја помош, доделена од давателот на државната помош, во секој облик, со која се создаваат поволности за определени претпријатија, производство на одредени стоки или давање на одредени услуги;“.

Токму поволностите дадени во Законот, се нелојалната конкуренција на домашните и странските правни и физички лица регистрирани за вршење дејност во технолошки индустриски развојни зони како нивни корисници, наспроти домашните и странските правни и физички лица регистрирани за вршење дејност на територијата на Републиката надвор од технолошки индустриски развојни зони. Тоа го прави Законот во спротивност со еднаквоста на сите пред Уставот и законите на територијата на државата.

Покрај наводите во Иницијативата, дополнително во одредбите од членот 4-а од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23 и 59/25), со кој е уреден обемот на државната помош, за правните лица во зоната или во член 4-б државната помош при реалокација на правниот субјект и во членовите 5 и 5-а од Законот, со кој е уредено, даночни ослободувања и други олеснувања од давачки кон државата се во насока на ставање на правните субјекти во нееднаква положба, како и членовите 6 и 6-а со кои се овозможуваат и дополнителни царински поволности и пружање на обуки за

квалификација на вработените правни субјекти кои се сместени во зоните. Продолжување на различностите во однос на правните субјекти сместени во зоните согласно Законот, дополнително се уредени и во член 7 од Законот за технолошки индустриски развојни зони со тоа што со оваа одредба се кажани дејностите за кои ќе се добијат поволности, односно е кажано дека производните дејности, научно-истражувачка дејност и производство засновано на нови технологии со високи еколошки стандарди и  услуги кои се директно поврзани со увоз на добра кои се внесуваат во зоната, подлежат на исплаќање на државна помош и поволности за правните лица кои работат во зоните.

Членовите 8 и 8-а од Законот за технолошки индустриски развојни зони се во истиот контекст на уредување на поволностите за правните субјекти во зоните, со тоа што во член 8 се уредени поволностите на ослободување од плаќање на данок за уредување на градежно земјиште и дополнителни средства што овие компании ги обезбедуваат на име на финансиска помош од државата за изградба на самите објекти во кои ќе се врши дејноста, а во член 8-а поволности за промовирање на производите и услугите кои ги даваат овие правни субјекти.

Членот 9 од Законот за технолошки индустриски развојни зони, исто така уредува сосема нови поволности што ги добиваат правните субјекти во зоните доколку реинвестираат и на сродни начини постапуваат со инвестирање на остварената добивка.

Дополнително, во Иницијативата се наведува дека Законот создава нееднакви услови за вршење на регистрираната дејност, затоа што погодностите кои ги добиваат домашните и странските правни и физички лица во вршењето на дејност во технолошки индустриски развојни зони не ги исполнуваат условите предвидени со Законот за градење, што се особено битни и важни за безбедноста, сигурноста и заштитата за непречен пристап и движење до и во градбата.

Законот создава нееднаквости, односно целиот претставува форма на економски фаворизам. Таквиот пристап е спротивен на начелата на Уставот и други закони меѓу кои Законот за градење, Царинскиот закон, па дури и Кривичниот законик.

Според подносителот на Иницијативата, сите напред наведени одредби, не се во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 (начело на владеење на правото), членот 50 став 1 (право на заштита на слободите и правата пред надлежен суд) и членот 55 став 2 (гаранција за еднаква правна положба на субјектите на пазарот) од Уставот и бара поништување на одредбите од страна на Уставниот суд.

Согласно наводите во Иницијативата подносителот бара:

(1) Да го поништи или укине Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09,156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23 и 59/25), а

(2) До донесувањето на конечната одлука, на Уставниот суд му предлага да донесе решение со времена мерка за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија преземени врз основа на Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09,156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23 и 59/25), бидејќи не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1 и членот 55 од Уставот и притоа врши суспензија и флагрантно кршење на уставниот поредок на државата и правата и слободите на граѓаните.

Во одговор на напред наведеното во Иницијативата, се укажува на следново:

Во Законот за технолошки индустриски развојни зони во членот 1 е уредено дека: „Со овој закон се уредуваат погодностите за инвестирање во технолошките индустриски развојни зони, условите, начинот и постапката за основањето, развојот и работењето на технолошките индустриски развојни зони, дејностите кои се вршат во технолошките индустриски развојни зони и посебните услови за нивно вршење, релокација во зона, стекнувањето со објекти, постапката за издавање на одобрение за градење, постапка за давање закуп на земјиште во технолошко индустриска развојна зона на закупец на земјиште кој ќе изгради објект за потребите на корисник, постапката за давање под закуп на градежното земјиште во зоните на даватели на услуги од јавен интерес, постапката за потврдување на изградени објекти, техничка опрема и пренесени или примени објекти, односно започнати со градба објекти кај коишто не е утврден правниот статус во рамките на зоните, примената на царинските прописи во технолошките индустриски развојни зони, постапка за засновање на право на стварна службеност на градежно земјиште во рамките на зоните, како и престанокот на работа на технолошките индустриски развојни зони и на корисникот на технолошките индустриски развојни зони.“.

Во член 2 од Законот е уредена целта, односно во оваа одредба стои:

„Целта на овој закон е забрзување на економскиот развој со привлекување на странски и домашен капитал за развој на нови технологии и нивна примена во националната економија, зголемување на конкурентноста и зголемување на вработувањето“, која цел ќе постигне дополнителен позитивен аспект за воспоставување релации помеѓу странските компании и локалните бизниси и поурамнотежен економски развој, што е особено важно за земји чиишто економии се сконцентрирани во само неколку традиционални дејности или во одредени региони. На тој начин во рамките на дозволената регионална помош ќе се придонесе за унапредување на економскиот развој на подрачја во кои животниот стандард е исклучително низок или каде што постои голема невработеност, како и остварувањето на проекти од значаен економски интерес за државата. На вака поставената цел на Законот за технолошки индустриски развојни зони, примената на правилата на конкуренција има за цел воспоставување на пазар на кој претпријатијата учествуваат рамноправно и под еднакви услови, а нивната позиција на пазарот да се вреднува првенствено според квалитетот на производите, односно услугите кои ги нудат, а со тоа да се спречат поединечните практики и деловни активности на пазарот, кои одредени претпријатија можат да ги доведат во позиција

која е неоправдано поповолна во однос на другите претпријатија, а со тоа да ја загрози слободната конкуренција помеѓу претпријатијата.

Имено, одредбите во членовите 4, 4-а, 4-б, 5, 5-а, 6, 6-а, 7, 8, 8-а и 9 од Законот за технолошки индустриски развојни зони не се неуставни како што е наведено во Иницијативата поради следново:

Во член 8 став 1 алинеи 3 и 7 од Уставот е уредено владеење на правото и слобода на пазарот и претприемништвото. Со ваквото уставно решение е предвидено дека државата има право со закон да уредува јавни интереси и соодветно на тоа да создава пропорционални правила на пазарните субјекти, доколку истите се јасни и важат подеднакво за сите субјекти.

Исто така, ако се гледа решението од член 51 од Уставот, секој е должен да го почитува законот. Во таа насока е обврската да се почитува секое законско решение, како што е Законот за технолошки индустриски развојни зони, тоа е обврска и право на секого затоа што истото произлегува токму од уставното решение од член 51 од Уставот, каде е предвидена обврската за секого да го почитува Уставот и законот и тоа без исклучок.

Во насока на целосното почитување на Уставот и конкретно погоре цитираните одредби, Законот за технолошки индустриски развојни зони е донесен, согласно правото на државата во име на јавниот интерес да уредува посебни правила за јавни интереси и соодветно на тоа да создава пропорционални правила на пазарните субјекти, доколку истите се јасни и важат подеднакво за сите субјекти.

Од тука формирана е Комисијата за заштита на конкуренцијата, која како тело е надлежна за спроведување на законодавството од областа на заштитата на конкуренцијата и контролата на државната помош, да ги следи и анализира состојбите на пазарот до степен потребен за развој на слободна и ефикасна конкуренција, да води постапки и да донесува одлуки, согласно одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за контрола на државната помош.

Во постапка утврдена со членот 15 од Законот за контрола на државната помош, единствено Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучува за дозволеноста на доделувањето на државната помош и државна помош не смее да биде доделена на корисник на државна помош пред истата да биде одобрена со решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Во контекст на горенаведеното, треба да се има предвид и дека во рамки на надлежностите, на 14.6.2018 година, донесено е Решението со бр.10-45 од Комисијата за заштита на конкуренцијата за доделување на државната помош врз основа на Законот за финансиска поддршка на инвестиции како шема на помош, за поддршка на инвестициите за зголемување на конкурентноста на економијата и вработувањето, за деловните субјекти кои ќе инвестираат во Република Северна Македонија, исто така и надвор од технолошките индустриски развојни зони. Покрај државна помош која е доделена врз основа на шема на помош како што е Законот за технолошки индустриски развојни зони и Законот за

финансиска поддршка на инвестиции, согласно Законот за контрола на државната помош се доделува и индивидуална помош по дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Во однос на наводите во Иницијативата дека напред посоченото и наведено во Иницијативата не се во согласност со владеењето на правото, ако се земе предвид и решението во член 55 од Уставот, не се точни и во целост се погрешни.

Имено, во оваа одредба е уреден принцип, на контрола на државата и спречување од евентуални можни злоупотреби, што во ваква насока го следи и Законот за технолошки индустриски развојни зони со обврската давателите на државна помош да се должни да доставуваат информации за доделената државна помош, за изминатата година, кој сублимиран, институциите го доставуваат до Собранието на Република Северна Македонија и до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, како вкупна информација за доделената државна помош, за изминатата година. Исто така, секој од потписниците на договорот во кој е определена државната помош која се доделува на корисникот на зоната, водат евиденција за доделената државна помош за која склучиле договор и во име на давателот на државната помош, доставуваат годишен извештај до Комисијата за заштита на конкуренцијата еднаш годишно во тековната за претходната година, согласно член 4-а став (13) и став (14) од цитираниот закон.

Токму овој вид на контрола преку извештајот без обврска за негово претходно усвојување е во функција на постигнувањето на целта на државната помош. Со ваквото законско решение е обезбеден принципот на однапред јавно позната работа (lex certa), односно, во ова решение од Законот е содржано, кој, кога, колку, како и што ќе добие од државата во форма на државна помош заради постигнување и остварување на стратешки јавен интерес на државата.

Комплементарно, од изнесеното неопходно е да се заклучи дека членовите 4, 4-а, 4-б, 5-а, 6, 7, 8 и 9 од Законот за технолошки индустриски развојни зони не го рушат принципот на владеење на правото, затоа што овде е обезбедена транспарентноста со која се овозможува јавниот сектор, односно државата благовремено да реагира при злоупотребите. Со ваквото законско решение е обезбеден принципот на однапред јавно позната работа (lex certa), односно, во ова решение од Законот е содржано, рок, форма и содржина на јасен начин.

Во однос на општите наводи во Иницијативата дека Законот за технолошки индустриски развојни зони не е во согласност ниту со Законот за градење со кој се уредуваат градењето, основните барања на градбата, потребната проектна документација за добивање на одобрение за градење, правата и обврските на учесниците во изградбата, начинот на употреба и одржување на градбата, како и други прашања од значење за градењето, како и постапката за потврдување на правен статус на изградени објекти и објекти во тек на градба во рамките на зоните, а кои Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ги примила или и се пренесени согласно Законот за технолошки индустриски развојни зони, се укажува на следното:

Со оглед на фактот дека не се цитирани одредби на кои се однесува Иницијативата, по однос на констатацијата дека е спротивно на Законот за градење нема доволен основ и информации за подетална анализа за евентуални спорни и неусогласени одредби.

Констатацијата дека незаконски се олеснува добивањето на правниот статус на објектите, прави конфузија и нејаснотија на Иницијативата, имајќи предвид дека се зборува за законски одредби, утврдени со Закон за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр.129/15).

По однос на констатацијата дека само врз основа на Записник и Изјава заверена на нотар може да се добие Имотен лист, спротивно на Законот за градење, е неоснована од причина што законодавецот во член 34-б став (3) од Законот за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони утврдил:

„(3) Во случаите кога подносител на барањето за потврдување на објекти е правно лице во Централниот регистар на Република Македонија, истиот е должен со барањето за потврдување на објекти, да достави:

- извод од Централниот регистар на Република Македонија,
- доказ за приклучок на комунална инфраструктура и/или сметки за јавни услуги (струја, вода), а доколку објектот нема инфраструктурни приклучоци, изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот ќе потврди дека објектот, е изграден пред стапување во сила на овој закон,
- геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба и
- изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот потврдува дека објектот е изграден во рамките на технолошко индустриската развојна зона и истиот претставува градежна и функционална целина и може да се употребува.".

Во однос на Иницијативата, по однос на погоре цитираниот текст на крај може да се истакне дека Законот ја уредува постапката за потврдување на правен статус на изградени објекти и објекти во тек на градба во рамките на зоните заради регулирање на статусот на објектите кои Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ги примила или и се пренесени, согласно Законот за технолошки индустриски развојни зони, начинот за промена на инвеститор, како и постапката за потврдување на правниот статус на фотонапонски централи на корисници поставени за сопствени цели на крововите од сопствените фабрики и останата техничка опрема, дел од производствениот процес на корисниците, за да одговори на новите стандарди и трендови за извори на електрична енергија, а во исто време ниту ќе бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа.

Врз основа на напред наведеното, а имајќи ја предвид и оценката за Македонија од страна на ОЕЦД, по однос на статутарните мерки кои ги третираат странските инвестиции во споредба со ОЕЦД економиите и ЕУ земјите членки, особено во преработувачката индустрија, согласно индексот за регулаторна рестриктивност за странски директни инвестиции на ОЕЦД, како и недискриминирачкиот член 4 став (1) точка 7 од Законот за технолошки индустриски развојни зони, корисник на технолошката индустриска развојна

зона може да е домашно или странско лице, одредбите 4, 4-а, 4-б, 5, 5-а, 6, 6-а, 7, 8, 8-а и 9 од Законот за технолошки индустриски развојни зони се содржински и јасни системски решенија, како што е и целиот закон и со тоа е целосно усогласен со членовите 8, 51 и 55 од Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста.

## Точка 57

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Земјоделски комбинат Пелагонија АД Битола од Битола доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.72/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 47 став 5 и став 6 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), како и уставноста и законитоста на член 3 став 22 од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.26/25) и притоа го утврди следното мислење:

Во предметната Иницијатива се упатува на одредбите од член 47 став 5 и став 6 од Законот за земјоделство и рурален развој кои гласат:

„(5) Максималниот износ на директните плаќања по корисник може да се ограничи во зависност од големината на површината на земјоделско земјиште, единицата земјоделски производ и бројот на грла добиток со кои располага корисникот.

(6) Поблиските критериуми од ставовите (2), (3) и (4) на овој член, корисниците од членот 14 на овој закон по одделни мерки, максималните износи од ставот (5) на овој член и начинот на директните плаќања, годишно ги пропишува Владата на предлог на министерот.".

Со одредбите од член 3 став (22) од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.26/25) која гласи: „максималниот износ на директни плаќања по корисник пресметан во зависност од големината на земјоделското земјиште, единицата земјоделски производ и бројот на грла добиток" е применета одредбата од ставот (5) од член 47 од Законот за земјоделство и рурален развој и со одредбата која гласи „Вкупниот максимален износ на директни плаќања по корисник пресметан во зависност од големината на површината на земјоделско земјиште, единицата земјоделски производ и бројот на грла добиток од подмерките од оваа уредба не може да биде поголем од 30.000.000 денари по корисник збирно за подмерките: 1.1., 1.2., 1.3., 1.4., 1.5., 1.6., 1.7., 1.8., 1.9., 1.10., 1.11., 1.12., 1.13., 1.14., 1.15. и 1.16. од оваа уредба и 30.000.000 денари по корисник збирно за подмерките 2.1., 2.2., 2.3., 2.4., 2.5., 2.6., 2.7., 2.8., 2.9., 2.10., 2.11.,

2.12, 2.13., 2.14., 2.15. и 2.16. е применета одредбата од ставот (6) од член 47 од Законот за земјоделство и рурален развој.

Имајќи ги предвид горе наведените одредби од став (5) и став (6) со кои се врши примена во предметната Уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/24, 34/24, 135/24 и 185/24) се отфрлаат наводите дека истата е неуставна и незаконска, поради што не е повредено начелото на уставност и законитост.

Со оглед на тоа што Уредбата за директни плаќања се однесува на мерките за поддршка на доходот на земјоделските стопанства и не претставува пазарна мерка која директно влијае на положбата на земјоделските субјекти на пазарот, се смета дека не е во спротивност и не ја нарушува слободата на пазарот и претприемништвото. Воедно, максималниот износ на директни плаќања е зголемен во однос на 2024 година од 18.450.000 денари на 30.000.000 денари, што е поповолно.

Согласно, Регулативата на ЕУ 32013R1307 распределбата на директната поддршка на приходите меѓу земјоделците се карактеризира со доделување на несразмерни суми за плаќања на мал број големи корисници. Големите корисници, поради нивната способност да управуваат со економии од обем, не го бараат истото ниво на поддршка на единица, за да се постигне ефикасно целта за поддршка на приходите.

Исто така, и со новата Регулатива (ЕУ) 2021/2115 на Европскиот парламент и на Советот од 2 декември 2021 година, согласно член 17 став 1 и став 5 може да се ограничи износот на основната поддршка на доходот од дадена година во форма на горна граница на поддршката. Одредбата од ЕУ Регулативата е како следи:

„Горна граница и постепено намалување на плаќањата:

1. Земјите членки може да го ограничат износот на основната поддршка на приходот за одржливост што треба да се додели на земјоделецот за дадена календарска година. Земјите членки што одлучуваат да воведат горна граница го намалуваат за 100 % износот што надминува 100.000 евра.

5. Проценетиот производ од намалувањето на плаќањата првенствено се користи за финансирање на дополнителната поддршка за прераспределба на приходот за одржливост, доколку е утврден во релевантниот стратешки план на ЗЗП, а потоа и за други интервенции кон производно-неповрзаните директни плаќања.“.

Со оглед на тоа што еден од стратешките приоритети на Република Северна Македонија е членството во ЕУ, како и усогласувањето на европското законодавство со македонското, и во овој случај се следат насоките на ЕУ за директната поддршка на доходот на земјоделските стопанства.

Согласно, Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.16/21) наведена е анализата на приходот на земјоделските стопанства и влијанието на државната поддршка и директните плаќања како поддршка на приходот на земјоделците, според која крајната констатација е следна: „Што се однесува до правичноста во распределбата на средствата за директни плаќања, од анализата направена за исплатите по програмата за 2018 година, 20% од вкупниот број на корисници на средства кои имаат добиено најмногу средства (17.330 од 86.500) се стекнале со 64,2% од вкупниот износ на исплатени средства (4,3 милијарди денари од 6,7 милијарди денари). Иако распределбата е поизбалансирана од таа на ниво на Европската Унија, сепак постои концентрација на 2/3 од сите средства кај една петтина од корисниците што укажува на оправданост од понатамошни интервенции во постојните методи на распределба на средствата.“.

Истовремено, заради континуитет и следливост се укажува дека по однос на Иницијативата од претходната 2024 година, поднесена од Земјоделскиот комбинат Пелагонија АД Битола до Владата на Република Северна Македонија, доставен е предмет У.бр.151/2024 на 4.3.2025 година со кој Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 февруари 2025 година, донел Решение да не се поведе постапка за оценување на уставноста на член 47 став 5 и став 6 од Законот за земјоделство и рурален развој и уставноста и законитоста на член 3 став 25 од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/24 и 34/24) и да се отфрли иницијативата од Земјоделски комбинат Пелагонија АД Битола за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 3 став 25 од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.30/23, 42/23, 110/23, 138/23, 149/23, 248/23, 276/23 и 287/23). Истото не е наведено во образложението кое е дадено со оваа иницијатива.

Имајќи го предвид горенаведеното, се отфрла тврдењето дека паушално е донесен предлогот за утврдување на вкупниот максимален износ на директни плаќања по корисник пресметан во зависност од големината на земјоделското земјиште, единицата земјоделски производ и бројот на грла добиток од Уредбата за директни плаќања согласно мерките за поддршка на доходот на земјоделските стопанства.

## Точка 58

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.80/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 39 став 6 од Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 110/21, 236/22, 147/24 и 74/25) и притоа го утврди следното мислење:

1.Во однос со наводите за неусогласеност со Уставот формулацијата не ги крши одредбите на Уставот, туку се дава можност за еднаквост и законска компензација за трудот на

ангажираните членови на испитната комисија во која треба да бидат вклучени административни службеници со професионално искуство и стручна работа, која за да се заврши соодветно и да ја постигне крајната цел бара значително време, знаење и одговорност за подготовка на базите на прашања кои се основа за стекнување со овластувања.

2. Во членот 8, став 1, алинеја 3 на Уставот е опфатен принципот на владеењето на правото, кој е применет во Законот за енергетска ефикасност и гарантира правна сигурност за мерките и постапките кои произлегуваат од Законот, односно регулира одредби во согласност со Уставот и другите меѓународни норми. Ова е особено значајно во делот на усогласеноста заради тоа што оспорената одредба во однос на ангажманот на членовите на испитната комисија има реципроцитет при примена на ова начело, односно потребата од високо квалификувана стручна работа, за која е потребно време, знаење и одговорност е само основа за утврдувањето на надоместок за вложениот труд, односно за извршената работа за која се обезбедува соодветна парична компензација во форма на паричен надоместок и спречува механизам за еднострано искористување на трудот.

3. Членот 9 од Уставот гарантира еднаквост на граѓаните пред Законот, при што непризнавањето на надоместокот за членовите на испитната комисија за енергетски контролори различно од други комисии кои добиваат надоместоци согласно закон, ги става во понеповолна положба членовите на оваа комисија и е спротивно на начелото на еднаквост загарантирано со Уставот. Утврдувањето на надоместок од членот 39 став (6) од Законот не е спротивно на еднаквоста загарантирана со Уставот, туку истото доколку се толкува посеопфатно и подетално значи обезбедувањето на еднаква примена на правото преку валоризација на трудот, односно извршените работи за слични стручни ангажмани.

Имено, членовите на испитната комисија вршат сложени работни задачи кои вклучуваат подготовка на испитни материјали, односно бази на прашања, спроведување на испити и оценување на кандидатите, преку писмен и практичен дел, кој се полага пред Комисијата, што го отсликува духот на Законот и е во корист на јавниот интерес во насока на домувањето кое се однесува на обврската на Република Северна Македонија да обезбеди услови за достоинствено, достапно и одржливо домување за сите граѓани, во согласност со уставните принципи, меѓународните стандарди и општествените потреби.

Сертификат за енергетски карактеристики на зградата, кој го издаваат енергетските контролори кои положиле испит спроведен од Комисијата, се обезбедува пред издавање на одобрението за употреба, односно пред изготвувањето на извештајот за извршен технички преглед од надзорен инженер, односно пред давањето на изјава заверена кај нотар под полна материјална и кривична одговорност од изведувачот, со која тој потврдува дека зградата, односно градежната единица е изградена во согласност со одобрението за градење и основниот проект за изградбата на новоизградени згради или по значителна реконструкција на постојните згради или градежни единици. Ова вклучува создавање на правна, економска и социјална рамка што го олеснува пристапот до домување и промовира енергетска ефикасност, урбана одржливост и владеење на правото.

Надоместокот за членовите на Комисијата е неопходен за привлекување и задржување на високо квалификувани административни службеници, кои ќе овозможат спроведување на испити со кои овластените контролори ќе обезбедат квалитетна сертификација на енергетски контролори во пракса, што е од јавен интерес во однос на примената на начелото „енергетска ефикасност на прво место“ и ќе придонесе за исполнување на обврските од Директивата 2012/27/EU за енергетска ефикасност, како европски хармонизирана норма.

Без соодветен надоместок, постои ризик од недостаток на квалификувани членови во Комисијата, што би го загрозило квалитетот на испитите, намалена мотивација, што би довело до површна евалуација и забавување на процесот на сертификација, што би имало негативни последици за имплементацијата на мерките за енергетска ефикасност.

4. Согласно, членот 32 на Уставот загарантирано е правото на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето како и правото на соодветна заработувачка.

Во оваа насока Законот за енергетска ефикасност (*) јасно пропишува право на „надоместок за извршена работа“, а не плата, односно законодавецот со оваа одредба изврши терминолошка дистинкција на поимите плата и надоместок. Надоместокот е резултат на реално извршена дополнителна работа, а не на дискреционо право или привилегија на членовите. Учеството во Комисијата е дополнителна задача за вработените во министерствата, која е надвор од нивните редовни работни обврски за кои примаат плата.

Средствата за надоместокот се обезбедуваат од наменски прибрани уплати од кандидатите, а не од Буџетот за плати, што го прави финансиски независен од редовните примања.

Паралено со ова е тоа дека правниот систем распознава и применува модел на исплата на дополнителни надоместоци за вршење на функции на лица кои веќе имаат редовни вработувања во јавната администрација, па ова би довело до различно нормирање и примена на закони кои се спротивни на уставното начело на еднаквост и на обврската на државата да обезбеди ефикасна имплементација на законите заради постигнување на јавниот интерес.

Од горенаведените причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека наводите во поднесената Иницијатива се неосновани, поради што му предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 39 став 6 од Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 110/21, 236/22, 147/24 и 74/25), односно истата да ја отфрли како неоснована.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Милана Пановска од Кочани, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3444, за КО Безиково, на КП бр.2501, викано место/улица „Јанѓелова Нива“, Имотен лист бр.3550, за КО Безиково, на КП бр.2520, викано место/улица „Лазарица“, Имотен лист бр.3526, за КО Безиково, на КП бр.2203, викано

место/улица „Батулица“ и Имотен лист бр.3558, за КО Безиково, на КП бр.2918, викано место/улица „Попово Лозје“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Марија Лазова Ѓорчева од Кавадарци, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4766, за КО Кавадарци, на КП бр.11648, викано место/улица „М.Горки“ и по Понудата, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Вјолца Мехмеди од Гостивар, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.121 за КО Жировница, на КП бр.1878, викано место/улица „Село“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 62**

По однос на оваа точка немаше предлози.

**Точка 63**

1. Владата, по повод одбележувањето на државниот празник 8 Септември, Ден на независноста, ги донесе следните заклучоци:

1) Делегација, во состав:
- Панче Тошковски, министер за внатрешни работи;
- д-р Азир Алиу, министер за здравство и
- м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини,
во 8:30 часот, да положи свежо цвеќе на гробиштата на поранешните претседатели Киро Глигоров и Борис Трајковски, како и на гробот на Никола Кљусев, прв претседател на Владата на Република Македонија.

2) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија-Сектор за протокол и односи со јавност, да подготви покани за положувањето на цвеќе, листа на гости и организациски подготовки за протоколарните делови, вклучувајќи и обезбедување на соодветна опрема за положување на цвеќе.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на државниот празник 8 Септември-Ден на независноста.

4) Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за култура и туризам и Службата за општи и заеднички работи на Владата

на Република Северна Македонија, соодветно и со меѓусебна соработка да обезбедат непречена организација на предвидените активности.

5) Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за култура и туризам и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покријат трошоците за активностите, секоја институција во својот дел, поврзани со одбележувањето на државниот празник 8 Септември–Ден на независноста.

6) Се задолжува Министерството за одбрана-Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди соодветен број на гардисти и фанфаристи, како и опрема за свечено положување на свежо цвеќе на градските гробишта Бутел (пред вечните почивалишта на поранешните претседатели Киро Глигоров и Борис Трајковски, како и на гробот на Никола Кљусев, прв претседател на Владата на Република Македонија).

7) Се задолжува ЈРП Македонска радио-телевизија Скопје, да врши директен пренос од одбележувањето на државниот празник, во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

8) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави техничка опрема, стази, знамиња, озвучување на бина, брендирање на бина и говорница, за одбележувањето на државниот празник 8 Септември-Ден на независноста, за што ќе добијат технички спецификации од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

9) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди цветен аранжман, венци, држачи за венци и слично за свеченото положување на цвеќе на 8 Септември-Ден на независноста, како и да обезбеди цветно уредување на бината за свечената академија по повод државниот празник, а врз основа на спецификација дадена од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

10) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди превоз за делегацијата и венци за положување цвеќе во име на Сојузот на борците на Република Северна Македонија.

11) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата на државниот празник 8 Септември-Ден на независноста.

12) Се укажува на Акционерското друштво за погребни и придружни активности-Бутел, да ги преземе сите потребни активности за чистење на гробните места на поранешните претседатели Борис Трајковски и Киро Глигоров, како и гробот на Никола Кљусев, прв претседател на Владата на Република Македонија, каде свечено ќе се положува цвеќе.

13) Се задолжува Министерството за здравство, на денот на одбележување на државниот празник 8 Септември-Ден на независноста, да обезбеди едно амбулантно возило, со медицински тим, на место кое ќе се определи во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

14) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да испрати покана според протоколарна пресеанс листа во електронска или печатена форма, во соодветен временски период пред одржување на настаните.

15) Се задолжува Министерството за култура и туризам, да ја обезбеди салата на Филхармонија на Република Северна Македонија (во 10 часот), да обезбеди изведувач на химна, модератор на настанот, како и да ги преземе сите потребни активности за обезбедување на персонал за организирање на свечена академија за одбележување на државниот празник 8 Септември-Ден на независноста.

16) Се задолжува Филхармонија на Република Северна Македонија, да подготви и организира културно - уметничка програма по повод државниот празник 8 Септември-Ден на независноста на Република Северна Македонија.

17) Се задолжува Филхармонија на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за диригент и модератори на настанот, како и дневниците за оркестарот и техничкиот персонал за 7 септември 2025 година (недела) и 8 септември 2025 година (понеделник).

18) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди 400 шишиња вода за свечената академија за одбележување на државниот празник 8 Септември - Ден на независноста на Република Северна Македонија во Филхармонија на Република Северна Македонија.

**2.** Владата заклучи да му препорача на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, преку своите стручни служби и трговски друштва, на свој трошок, да ги преземе сите потребни мерки и активности за оспособување (репарација) и ставање во функција на компонентите од хидросистемот Ѓавато којшто се однесуваат на потсистемите за бунарски потопни пумпи и потисни пумпи.

**3.** Владата на барање на Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, а имајќи предвид дека постои зголемена опасност од шумски пожари на отворен простор, го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, по барање на субјектите кои стопанисуваат со шумите, како и субјектите кои управуваат со шумите во заштитените подрачја-националите паркови, да даде согласност за воведување целосна забрана за движење во шумите и на шумското земјиште, во период од 1 септември 2025 до 30 септември 2025 година, согласно член 57, став 3 од Законот за шумите.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за внатрешни работи и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - шумска полиција да го зголемат своето присуство со цел спречување на појава на пожари на отворен простор.

**4.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за локална самоуправа за изменување на Заклучокот бр.1 по точка 4 „Информацијата за реализирани активности за учество на Република Северна Македонија на ЕКСПО 2025, Осака, Кансаи, Јапонија, со Предлог - решение“ од Нацрт – записникот од Деведесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 август 2025 година, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„1. Се задолжуваат членовите на официјалната делегација за официјалниот културен настан по повод Ден на независноста на Македонија на ЕКСПО, Осака на 8 септември 2025 година, трошоците за службеното патување да ги обезбедат секој во рамки на својата институција и тоа: Елена Иванова, државен секретар во Министерството за образование и наука во рамки на буџетот на Министерството за образование и наука, Јулијана Павковска Боцевска, државен секретар во Министерството за локална самоуправа во рамки на буџетот на Министерството за локална самоуправа, Елена Кузмановска Биондиќ, државен секретар на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во рамки на буџетот на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.“.

**5.** Владата, на предлог на проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, го задолжи Министерството за европски прашања да ја информира Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија, дека со новиот Закон за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво, е основана Агенција за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво и истата е нов корисник на ИПА проектот „Green Business Facility“ и ќе ги реализира преостанатите активности во рамките на овој проект.

**6.** Владата по повод повторното укажување на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија го задолжи Министерството за европски прашања во соработка со Секретаријатот за законодавство да постапи по заклучоците под реден бр.3 и 4 од точка 77: Прашања и предлози од Нацрт – записникот од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2025 година.

## <u>Точка 64</u>

Владата ја разгледа Информацијата за Одлуката на Европската комисија за ослободување на средства од Инструментот за реформи и раст во однос на првото известување за имплементација на Реформската агенда 2024-2027 година, со прилози, како материјал за информирање.

## <u>Точка 65</u>

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ -Битола, за првото тримесечје (од 1 јануари до 31 март 2025 година), како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип, за период од 1 јануари 2025 година до 31 март 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес, за периодот јануари-март 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево за прв квартал (од 1 јануари 2025 година до 31.3.2025 година), со дополнителни финансиски табели, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје, за периодот 1.1.2025-31.3.2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД–Скопје, за периодот 1 октомври–31 декември 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Извештајот по Изводокот од Нацрт – записникот од Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 септември 2024 година, точка 10, за извршена внатрешна ревизија во врска со долгот од страна на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, спрема Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на внатрешната ревизија за периодот од 1 јануари до 31 декември 2024 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата му укажува на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

Точка 73

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука на Влада бр.41-12566/4 од 17.12.2024 година (Општина Лозово), како материјал за информирање.

Точка 74

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деветнаесетта одлука).

Точка 75

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 14 август 2025 година до 20 август 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 76

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 14 август 2025 до 20 август 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 77

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 29 јули 2025 година до 6 август 2025 година, со прилози и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 78**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 8 август 2025 година до 14 август 2025 година, со прилози и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 79**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 15 август 2025 година до 21 август 2025 година, со прилози и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 80**

Владата го разгледа Барањето на Брендан Филиповски, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за следење на спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – декември 2024 година, со Годишен извештај и прилози, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот 2025 -2028 година, со Предлог - програма за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот 2025-2028 година и Предлог - акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот 2025-2028 година.

2. Го прифати Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2025 година, со заклучок Мерката 2: Дигитална трансформација на Управата за јавни приходи со воспоставување на Даночен информациски систем (ДИС), да се усогласи со Министерството за дигитална трансформација.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за енергетика рударство и минерални суровини, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за финансии - Царинска управа и Министерството за финансии - Биро за јавни набавки, а се укажува на Државниот завод за ревизија, кои се вклучени во спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот 2025 - 2028 година, да ги планираат активностите во нивна надлежност во стратешките планови на институциите за соодветните години, навремено да ги обезбедат потребните ресурси (материјално - технички, кадровски и финансиски), за нивна реализација и да ги планираат потребните финансиски средства во своите буџети за соодветните фискални години.

## Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата за дополнителното финансирање од Владата на Република Северна Македонија за проектот Зелен финансиски инструмент, со текст на Писмо и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да предвиди 250.000 американски долари во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, за Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се овластува м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии да го потпише Писмото за дополнително преземената обврска за кофинансирање на проектот Зелен финансиски инструмент, во износ од 250.000 американски долари.

3. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во рок од три дена да го достави Писмото за дополнително преземената обврска за кофинансирање на проектот Зелен финансиски инструмент до постојниот координатор на агенциите на Обединетите нации во Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ја информира Владата за склучувањето на Договорот со УНДП за дополнително преземената обврска за кофинансирање од 250.000 американски долари.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на оценска мисија заснована на случаи во областа на борбата против организиран криминал и корупција, вклучително и корупција на високо ниво и во контекст на јавните набавки, која ќе се одржи од 10 до 14 ноември 2025 во Скопје, со Прелиминарна листа и прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Прелиминарната листа на случаи во областа на борбата против организиран криминал и корупција, вклучително и корупција на високо ниво и во контекст на јавните набавки.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања да ја достави Прелиминарната листа на случаи во областа на борбата против организиран криминал и корупција, вклучително и корупција на високо ниво и во контекст на јавните набавки, најдоцна до 5 септември 2025 година.

**Точка 86**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување на Општата спогодба за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Кралството Саудиска Арабија, со усогласен текст на Општа спогодба, го прифати Извештајот и ги донесе следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Општата спогодба за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Кралството Саудиска Арабија.

2. Се определува д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Општата спогодба за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Кралството Саудиска Арабија.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:10 часот.